ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| Датум: | 11.06.2020 |
|---|---|
| Тема: | **Моето другарче** |

**Возрасна група: 4-6 години**

| Дневна активност: | **Другарство** |
|---|---|
| Стандарди: | - Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на движењето;<br>- Детето може да зборува и да комуницира;<br>- Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност;<br>- Детето демонстрира способност за учество во музичка активност;<br>- Детето покажува интерес за учество во музички активности. |
| Цел на активност | - да се поттикнува да препознава и именува предмети, лица и звуци користејќи ги сетилата;<br>- да умее да ги почитува потребите и желбите на другите, да прави компромиси, да се договара, да научи за другарство;<br>- да се развие способноста за правилно користење на ликовниот материјал;<br>- да се развијат способности за активно слушање на музиката;<br>- да се оспособи да слуша и репродуцира песни различни по содржина и карактер<br>- да се поттикне кон самостојно пеење |
| Опис на активноста | Со денешната активност имаме за цел, да го го запознаете детето со зборот другарство и неговото значење кое е од особена важност за децата. Преку разговор и една приказна го објаснувате поимот другарство, колку е тоа важно и зошто треба секое дете да има другарчиња, а и тоа, да е другарче на некое друго дете. Активноста завршува со песна која секогаш побудува интерес кај децата, од познатата детска емисија „Дајте музика“.<br>**„Што е другарство?“**<br>Вистински другар е оној кој те подржува во се, кој гледа дека си тажен додека другите веруваат во твојата насмевка, добрите пријатели е тешко да се најдат, уште потешко да се напуштат, а најтешко да се заборават. Пријател е човек пред кого можеш да бидеш тоа што си, а тој да те почитува каков и да си. Без разлика на бојата на кожата, националност, вера, обичаи сите ние сме едно. Делиме ист воздух, живееме на иста планета и што е најважно од се сите сме луѓе. Другарите ти ги знаат интересните моменти, а најдобрите другари ги имаат преживеано со тебе. Вистински пријател е оној во кој се пронаоѓаш самиот себе...Што и да се случува во животот треба да имате еден човек на кој можете да се |

| | |
|---|---|
| | потпрете, да ги поделите вашите тајни и се разбира да му верувате.<br>За почеток раскажете ја приказната за Другарство.<br><br>Приказната се вика „**Моето другарче“**<br>Си беше едаш едно детенце кое се викаше Бојан. Тој седеше во својата соба и си играше со играчките. Играјќи си така, слушна звук кој доаѓаше од вратата...чук, чук, чук!<br>- „Влези“ - рече Бојан, на вратата се појавија еден пар патики.<br>- „Ќе играме заедно?“ - прашаа патиките.<br>- „Не, не можам да играм со вас“, - одговори Бојан и продолжи со играта.<br>Повторно се слушна тропање на вратата....<br>- „Влези“ - рече Бојан.<br>На вратата се појавија две раце:<br>- „Може да играме со тебе?“ – прашаа рацете.<br>- „Жалам, ама не можам да играм со вас.“ Бојан продолжи со својата игра, кога...чук, чук, чук тропаше некоја на вратата.<br>- „Влези“ - рече Бојан. Тогаш на вратата се појави една жолта маичка.<br>- „Не ми се игра!“ – одговори Бојан и ја сврти главата.<br>Повторно, се слушна трпање на вратата. Овој пат се појавија зелените пантолони.<br>- „Ќе играме заедно?“ -прашаа панталоните.<br>- „Не, не ми се игра со вас“ - одговори Бојан. Пантолоните си заминаа. И на крај на вратата се појави едно насмеано лице.<br>- „Може ли да си играме заедно“- праша насмеано лице. Бојан се насмеа, го препозна неговиот другар Горан.<br>- „Да, јас ќе играм со тебе Горане“ - одговори Бојан.<br>Срекни двајцата другари, прво се поздравија и седнаа да си прават хартиени авиончиња.<br><br>**Порака:** Другаратвото е најретка птица на земјата. Без другари е тажно, другарството е важно!!!<br><br>По завршување на приказната, прашајте го детето дали им се допадна приказната, дали ја разбраа нејзината содржина и поттикнете ги кон ликовна игра, да го нацртаат својот најдобар другар, или да се нацрта заедно со другарчето во една од нивните омилени игри.<br>Поразговарајте за тоа што детето ќе го нацрта и секако пофалете го вложениот труд. Како заокружување на активноста (разговор, приказна, ликовна игра) следи музичката игра или слушање на песничката која може и да се научи да се пее.<br>На музичкиот канал за деца, пуштете ја детската песничка од детската серија „Дајте музика“, каде децата пејат токму за „Другарство“. |








| | |
|---|---|
| Потребни материјали | Слики, флomастери, лист од блок, музички канал за деца, ТВ приемник или лап-топ |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=tFEnEvsDs3o<br>https://www.youtube.com/watch?v=-nFptObw_wU&feature=share&fbclid=IwAR35SJC-1yYbodQL2UDv4o9Z_F-KaLKyeCID7GsKhS7UoOFSGjOGA-k2mf0 |

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да развие социјални вештини во интеракција со другите деца;<br>- Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност;<br>- Детето да го развива поимот за себе;<br>- Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции. |
| Цел на активноста: | - да се поттикнува почитување и споделување во игра со други деца;<br>- да се развие способноста за правилно користење на ликовниот материјал;<br>- да се поттикнува детето на разбирање на основните емоционални состојби кај себе и кај другите деца<br>- да се поттикнува кон градење на елементарен емоционален став кон себе и другарчињата |

| | |
|---|---|
| Активност | 1. „Другар“ - стихотворба<br>2. „Химна за другарство“ - химна на другарството<br>3. „Измисленото другарче“ - обработка на сликовница |
| Опис на активнст | И на оваа возраст треба да го запознаете своето дете со поимот другарство и неговото значење, кое може да го искористите од предходната активност за деца на возраст од 4-6 години. Тоа е  всушност и вовед во трите предложени активности.<br>Во првата активност им  ја читате стихотворбата  **Другар.**<br><br>**Другар**<br><br>**Имам другар верен**<br>**и многу го сакам,**<br>**заедно со него**<br>**од градинка се враќам.**<br><br>**Се дружиме заедно**<br>**и делиме се**<br>**никогаш не се караме,**<br>**највесели сме.**<br><br>Секако возраста на децата дозволува тие да можат да ја репродуцираат наизуст (на памет научена). Доколку детето сака, може да му предложите и ликовна игра „Моето другарче“, каде ќе си го нацрта својот најдобар другар/ка,онака како тоа го доживува.<br><br>Во втората активност, која е комбинација од говорна игра и пантомима со раце, детето на брз, едноставен и лесен начин ги усвојува правилата на однесување со другарче, притоа следејќи го родителот прво што кажува (чита) и што покажува со рацете. Во вториот обид убаво би било родителот да чита, а детето самостојно да покажува преку гестикулации, за на крај заеднички и говорно и гестикулативно да ја кажат хмната за другарство.<br>**„Химна за другарство“**<br>**Другарче НЕ се тепа** (родителот чита и потенцира гласно **не,** и со прст кој покажува  негација кон удар кој не треба да постои, на пр. шамар кон детето)<br>**Другарче НЕ се кубе (**родителот покажува имитација на кубење кое не треба да се случи)<br>**Другарче НЕ  се гризе** (родителот покажува имитација на гризење на пр. На рака која не е убаво да се случи)<br>**Другарче НЕ се бутка** (родителот покажува буткање на дете кое не треба да биде)<br>**Другарче НЕ се гази** (родтелот покажува нагазнување кое не е убаво да се случи)<br>**Другарче СЕ САКА (**родителот потенцира погласно читање и покажува срце со двте дланки како искажување на љубов)<br>**Другарче СЕ ГУШКА** (родителот покажува гушкање со раце) |

| | |
|---|---|
| | **Другарче  СЕ ПОЧИТУВА** (родителот покажува климање со глава како знак на почит)<br>**На другарче му се верува и со другарче се игра!!!** (тоа се кажува малку погласно, како потенцирање и како завршување на химната)<br><br>Во третата активност, со детето обработете ја сликовницата која е на посочениот линк, за која секако треба да следи разговор во кој детето ќе го изнесе своето видување, доживување, впечатоци и заклучоци.<br>https://issuu.com/oxomacedonia/docs/izmislenoto_drugarce_<br><br>Преку сите три активности, на различен начин го воведувате детето во светот на искреното другарство кое треа, да се гради и негува од најрана возраст и да се темели на искреност, почитување, позитивни емоции, емпатија и љубов. |
| Потребни материјали | Сликовница, лист од блок, дрвени бои, мрсни бои или фломастери |
| Прикачување на слика, линк, или видео |       |

**Возрасна група: 2-3 години**

| Дневна активност: | **Игра со моето другарче** |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да се движи координирано, со цел;<br>- Детето демонстрира способност за учество во музички активност. |
| Цел на активноста: | - Цел на играта е да се развие кај децата чувство за слух и ритам;<br>- Да се поттикнат музичко творечките способности; |
| Активност | **Балонот се надува** |
| Опис на активноста | На децата им ја опишувате играта „Балонот се надува“:<br>Децата се застанати во круг, се држат за рацете и ја пеат песничката, движејќи се во определена насока во круг. На крајот на песната на знакот „ПАУ“ децата се отпуштаат и ги шират и подигаат рацете над главата.<br><br>Балонот се надува,<br>пазете се дечиња<br>балонот да не пукне - ПАУ!<br><br>На крај НАЈДОБРИТЕ ДРУГАРИ ја играат песничката „Фати ги шарените балони“.<br>https://www.youtube.com/watch?v=kN-gM4Y9RBA |
| Потребни материјали | Балони, цд-плеер |
| Прикачување на слика, линк,или видео |  |